Промоција на безбедна училишна средина
Проект поддржан од Детската фондација Песталоцци

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

# ЈАВЕН ПОВИК

# ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТСКИ УСЛУГИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПОЛИТИКИ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦА ВО УЧИЛИШТА

# ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ

# „ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА”

Март 2024, Прилеп

smartup

MACEDONIAN
CIVIC
EDUCATION
CENTER

**Коалицијата на младински организации СЕГА, за потребите од спроведување на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, поддржан од Детската фондација Песталоци, објавува**

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА**
**АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТСКИ УСЛУГИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПОЛИТИКИ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦА ВО УЧИЛИШТА**

## 1. ОПИС И ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот Центар за Граѓанско Образование, Прва Детска Амбасада во Светот МЕЃАШИ и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации, со поддршка од Детската Фондација Песталоци, го спроведува проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, во периодот септември 2023 – август 2026 година.

Целта на проектот е да придонесе кон остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина. Оваа цел ќе се постигне преку (1) подобрена имплементација на законските одредби за ученичко учество во процесите на донесување одлуки и заштита на децата, (2) зајакнати капацитети на основните и средните училишта за превенција и справување со насилство и (3) примена на наставни методи и техники кои поддржуваат и промовираат заштита, учество и еднакви можности за сите ученици и ученички.

## 2. ЦЕЛ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

За остварување на поставените цели, проектот преку ангажирање на експерти ќе спроведе процес на подготовка на функционални Политики за заштита на децата во избраните 25 проектни основни и средни училишта.

### 3. ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ

Ангажираните експерти ќе бидат одговорни за фасилитација на процес на подготовка на Политика за заштита на деца со следните конкретни задачи по училиште:

- Испорака на 2 работилници за креирање на Политика за заштита на децата
- Подготовка на Политика за заштита на деца во согласност со потребите на училиштата, позитивната законска регулатива и меѓународните практики

* Работилниците потребно е да бидат едукативни и консултативни во однос на применливоста и локалниот контекст. На работилниците ќе учествуваат претставници на стручен и наставен кадар, ученици како и родители.

** Работилниците задолжително се одржуваат физички во просториите на училиштето.

*** Подготовката на Политиката за заштита на деца ќе се подготвува во координација со канцеларијата на Коалиција СЕГА. Оваа политика треба да биде усогласена со Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување издадено од МОН. Структурата на политиката ќе биде усогласена со СЕГА пред започнување со активностите.

Проектните училишта се наоѓаат во следните плански региони:

| **Региони** | **Градови** | **Број на училишта** | |
|---|---|---|---|
| | | Основни училишта | Средни училишта |
| Скопски | Скопје, Илинден | 3 | 2 |
| Североисточен | Куманово | 1 | 1 |
| Полошки | Тетово, Гостивар | 2 | 1 |
| Југозападен | Дебар, Македонски Брод | 1 | 1 |
| Пелагониски | Прилеп, Крушево | 2 | 2 |
| Вардарски | Кавадарци, Неготино, Велес | 1 | 2 |
| Источен | Штип, Кочани, Делчево | 1 | 2 |
| Југоисточен | Конче, Валандово | 2 | 1 |
| | **Вкупно** | **13** | **12** |

## 4. ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ЕКСПЕРТИ

- Завршени додипломски студии во полето на општествени науки или сродни области на експертот (експертите со завршени постдипломски и/или докторски студии ќе имаат предност)
- Најмалку 3 години искуство во работа на проекти и програми во образованието и/или правата на детето
- Искуство во полето на детски права и заштита на децата
- Искуство во фасилитација на настани
- Претходно учество во процеси на подготовка на стратешки или законски документи поврзани со детските права ќе се смета за предност

## 5. ВРЕМЕНСКА РАМКА и НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Проектот ќе избере (најмалку) 5 експерти. Секој експерт ќе биде задолжен за испорака на предвидените задачи во одреден број на училишта. Распределбата на училишта по експерт ќе биде извршен од страна на спроведувачите на проектот.

Ангажираните експерти треба да ги спроведат работните задачи во рамки на **2 работни дена по училиште,** во периодот април – јуни 2024 година, во координација со училиштата и проектниот тим.

За секој работен ден предвиден е надоместок од **6.700,00 МКД во бруто износ** кои ќе бидат исплатени по комплетирање на задачите. Патните трошоци и трошоци за храна ќе бидат дополнително покриени од страна на проектот.

## 6. ПОСТАПКА И ПРАВИЛА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РОК И ИЗБОР

Овој повик е јавен. Секој што ги исполнува потребните квалификации може да се пријави на овој повик со поднесување на следните документи:

- Професионална биографија (CV)
- Мотивациско писмо

Документацијата треба да се достави на следната е-маил адреса: sega@sega.org.mk со назнака: Пријава на јавен повик за експертски услуги за подготовка на политики за заштита на деца во училишта.

~~**Краен рок за доставување на апликациите е 03 април 2024 година.**~~

**Краен рок за доставување на апликациите е 16 април 2024 година.**

Апликациите кои ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се доставени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид. Апликантите ќе бидат информирани за исходот од постапката на пријавување на кандидатите.

За подетални информации може да не контактирате на е-маил адреса: sega@sega.org.mk, најдоцна до 10.04.2024 година.